ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-104/3
27.04 2022 год
ВЕЛЕС

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 4, член 43 став 4 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ бр.24/2021 и 174/21), член 2 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Советот за развој на Вардарски плански регион, Советот за развој на Вардарски плански регион, на седницата одржана на ден 27.04.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**За усвојување на Листа на предлог – проекти за развој на Вардарски плански регион за 2022 година со индикативни средства за 2023 година финансирани од страна на Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Листа на предлог-проекти за развој на Вардарски плански регион за 2022 година со индикативни средства за 2023 година врз основа на приоритетност со која што ќе се аплицира до Програмата за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа- Биро за регионален развој

**Член 2**

Предлог-проектите за развој на Вардарски плански регион за 2022 година со индикативни средства за 2023 година се рангираат според следниот распоред:

1. „Развој и унапредување на условите за одржување на чиста и здрава околина, преку набавка на специјализирани возила за одржување на хигиената на јавни површини во општините Демир Капија и Неготино“;
2. „Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот и спортот, преку реконструкција на паркови и изградба на спортски центри во општините Велес, Свети Николе и Росоман“;
3. „Развој и унапредување на патната инфраструктура за поголема безбедност на патиштата, преку реконструкција на патишта во општините Градско и Чашка“;
4. „Развој на инфраструктура за подобар економски развој во регионот, преку изградба на пазар за продажба на земјоделски производи“;

**Член 3**

Како резервен проект на листата е проектот „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила во општините од Вардарскиот плански регион“, кој би се реализирал согласно расположливите средства.

Оваа Одлука влегува во сила нареден ден од денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Вардарски плански регион
Претседател
Марко Колев

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Шефки Сали бр.4, 1400 Велес*
*Тел:043/615-353*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*